Врз основа на член 75 став 3 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010), Комисијата, како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на ден 21.06.2011 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење надзор и за начинот на нејзиното издавање и одземање

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење надзор, образецот на кој легитимацијата се издава, како и начинот на нејзиното издавање и одземање.

### Член 2

Службената легитимација се издава на пропишан образец О-1. Образецот е составен дел на овој Правилник.

### Член 3

Службената легитимација се состои од образец на легитимација и корица.

Образецот на легитимацијата е со правоаголна форма, со димензии 6,8 x 9 цм и се состои од еден лист тврда хартија во светло кафена боја, заштитена со пластична фолија.

Образецот на легитимацијата е сместен во корица.

Корицата е правоаголна, во форма на книшка, со димензии 10,50 x 16,50 цм.

Изработена е од природна кожа во темно кафена боја, а во внатрешниот дел има пластична проѕирна преграда.

### Член 4

Службената легитимација е со следната содржина:

На предната страна од корицата со златно жолта боја е отпечатен текстот: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", логото на Агенцијата, "АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ" и "СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА".

На внатрешната страна на корицата, е втиснато логото на Агенцијата релјефно изработено од пластика со златно жолта боја.

На предната страна од образецот на легитимацијата, во горниот лев агол има простор за фотографија на овластеното лице за вршење надзор, а во горниот десен агол е отпечатено логото на Агенцијата за пошти и под него текстот: "АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА". Во средниот дел се впишуваат податоци за: името и

презимето на овластеното лице за вршење надзор, текст: “Овластено лице за вршење надзор”и своерачен потпис на овластеното лице.

Во долниот лев агол се впишува регистарскиот број на службената легитимација, местото и датумот на издавање, а во долниот десен агол има печат и потпис на директорот на Агенцијата за пошти.

На задната страна од образецот на легитимацијата е отпечатен следниот текст:

“Имателот на оваа службена легитимација е овластен да врши надзор согласно овластувањата утврдени со Законот за поштенските услуги (“Службен весник на Република Македонија” бр. 158/2010 и прописите донесени врз основа на тој закон. Согласно член 77 од законот секое правно или физичко лице кое обезбедува поштенски услуги е должно на овластеното лице заради вршење надзор да му овозможи влегување во просторија и превозно средство каде се наоѓаат средствата и предметите за обезбедување на поштенските услуги и пратките како и да ги стави на увид и на барање на овластеното лице да ги даде сите потребни информации, податоци и документација без оглед на медиумот на кој истите се чуваат”.

**Член 5**

Директорот на Агенцијата за пошти со решение ја издава службената легитимација.

Службената легитимација има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на овластено лице за вршење надзор.

**Член 6**

Во случај на престанок на работниот однос или на службеното својство овластено лице за вршење надзор, директорот со решение ја одзема службената легитимација и го задолжува лицето во рок од 1 ден да ја врати службената легитимација.

Доколку лицето не постапи по решението од став 1 на овој член, директорот ја огласува службената легитимација за неважечка.

**Член 7**

Овластеното лице за вршење надзор кое ќе ја загуби службената легитимација или на друг начин ќе остане без неа, најдоцна во рок од 24 часа го известува за тоа директорот на Агенцијата за пошти и доставува изјава, заверена кај нотар, за времето, местото и околностите под кои службената легитимација е изгубена или исчезната на друг начин.

Во случајот од став 1 на овој член на овластеното лице за вршење надзор му се издава нова службена легитимација, а претходно издадената службена легитимација се огласува за неважечка.

**Член 8**

Службената легитимација се заменува со нова кога поради дотраеност или оштетување стане неупотреблива и кога има промена на личните податоци на имателот на службената легитимација.

**Член 9**

Службената легитимација што се одзема или заменува, се поништува.

Поништувањето на службената легитимација го врши тричлена комисија, определена од директорот на Агенцијата за пошти, од редот на вработените во Агенцијата за пошти.

**Член 10**

За секоја издадена, заменета или одземена службена легитимација во Агенцијата за пошти се води евиденција.

Редниот број од евиденцијата под кој е извршен упис на податоците се впишува во службената легитимација како регистарски број.

**Член 11**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на инспекторот за поштенски сообраќај и начинот на нејзино издавање и одземање(,,Службен весник на Република Македонија,, број 131/2008).

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-127/6
Скопје, 21.06.2011 година

Агенција за пошти
Комисија
Љупчо Мешков, претседател

О Б Р А З Е Ц   О-1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

СЛУЖБЕНА
ЛЕГИТИМАЦИЈА

Предна страна на корица

Внатрешна страна на корица

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

**СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА**

__________________________________________

Име и презиме

**овластено лице за вршење надзор**

__________________________

потпис на овластеното лице

__________________

рег.бр.на службената легитимација

______________________ _______________

место и датум на издавање Директор

образец на легитимација, предна страна

"Имателот на оваа службена легитимација е овластен да врши надзор согласно овластувањата утврдени со Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010) и прописите донесени врз основа на тој закон. Согласно член 77 од законот секое правно или физичко лице кое обезбедува поштенски услуги е должно на овластеното лице заради вршење надзор да му овозможи влегување во просторија и превозно средство каде се наоѓаат средствата и предметите за обезбедување на поштенските услуги и пратките, како и да ги стави на увид и на барање на овластеното лице да ги даде сите потребни информации, податоци и документација без оглед на медиумот на кој истите се чуваат".

образец на легитимација, задна страна